**Г Р А Д  С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | **Градоначалник на Град Скопје** |
| ИЗГОТВУВАЧ: | **Сектор за планирање и уредување на просторот** |
| ПРЕТСТАВНИК: | **Секретар на Град Скопје** |
| ПОВЕРЕНИК: | **Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот** |

# П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А
**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Сарај за реконструкција на општински пат во населено место Долна Матка**

Скопје, август 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на _______ 2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Сарај за реконструкција на општински пат во населено место Долна Матка

### Член 1

Со оваа одлука Советот на Град Скопје го прифаќа предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Сарај за реконструкција на општински пат во населено место Долна Матка и се уредува начинот и условите на финансирањето, како и други прашања во остварување на заедничката цел и интерес.

### Член 2

Вкупната вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука, изнесува 105.611.207,32 денари без ДДВ, односно 124.621.224,64 денари со ДДВ.

Градот Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 124.621.224,64 денари, со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023, 2024 и 2025 година, од подпрограма ЈДА 482.

Општина Сарај во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со изработка на ревидиран Основен проект и со решавање на можните имотно-правни спорови.

Средствата од ставот 2 на овој член ќе се користат исклучиво за намената од член 1 на оваа Одлука и во согласност со прописите со кои се уредуваат градежни работи од ваков тип, а изведбата ќе се реализира преку спроведување на јавна набавка или преку ангажирање на јавните претпријатија чиј основач е Град Скопје.

### Член 3

За реализација на оваа одлука Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор со Градоначалникот на Општина Сарај, во форма и содржина пропишана во Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ________

_________2023 година

С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ,

Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“број 5/02) е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје, а со член 14 од истиот закон, утврдено е дека во вршење на своите надлежности, општините можат меѓусебно да соработуваат. Согласно член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“број 79/09), Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините. Поаѓајќи од таквата можност, а аргументирана од страна на Градот Скопје и Општина Сарај како проект во рамките на редовна стручна соработка, го оценуваат како еден од заедничките приоритети.

Врз основа на предмер пресметката согласно проектната документација, констатирано е дека за реализација на проектот за реконструкција на општински пат во населено место Долна Матка, во три фази, потребни се 124.621.224,64 денари со вклучен ДДВ.

Средствата потребни за реализација на оваа одлука, се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023, 2024 и 2025 година.

Врз основа на погоре наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Сарај за реконструкција на општински пат во населено место Долна Матка, во три фази.

.